Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Број: 18-90/5
Датум: 27.01.2022 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 292/21), министерот за транспорт и врски го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движните ствари - електронска, електрична и информатичка опрема кои немаат вредност, односно се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени и не ги користат државните органи или правните лица основани од државата**

1. За најповолна пријава за јавниот повик - за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движните ствари - електронска, електрична и информатичка опрема кои немаат вредност, односно се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени и не ги користат државните органи или правните лица основани од државата се избира пријавата на понудувачот:

   **- Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ Скопје;**

2. Правата и обврските меѓу Корисникот на услугата и Вршителот на услугата во врска со предметниот јавен повик да се уредат со посебен договор по конечноста на Решението за избор на најповолна пријава.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 292/21), се донесе Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за избор на правни лица кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за потребите на Министерството за транспорт и врски број 03-45/1 од 03.01.2022 година, во согласност со Решението за расходување на движни ствари на Министерството за транспорт и врски бр. 02-2052/7 од 19.11.2021 година.

Комисијата за спроведување на постапката по јавниот повик Министерството за транспорт и врски на ден 14.01.2022 година, ја отвори пристигнатата пријава за учество заведена под број 18-90/2 од 13.01.2022 година.

Согласно одржаниот состанок на Комисијата задолжена за спроведување на постапката по јавниот повик број 18-90/1 од 04.01.2022 година, по спроведената евалуација и врз основа на доставениот Извештај број 18-90/4 од 14.01.2022 година, за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движните ствари- електронска, електрична и информатичка опрема кои немаат вредност, односно се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени и не ги користат државните органи или правните лица основани од државата се донесе Решение како во диспозитивот .

МИНИСТЕР
Благој Бочварски

Доставено до:
-понудувачите,
-архива